# OPEN BALKANS AND THE CONSPIRACY FOR SUSTAINABLE INSECURITY

**Maja Mishkovska**
Agency for Foreign Investment and Promotion of Export of the Republic of North Macedonia
kristiico@yahoo.com

**Abstract:** The war in Ukraine and the consequences of the war impose the fear that there is a risk that the countries of the Western Balkans will become a second front that Russia will open in Europe. The flared up conflict is a new "red" dividing line that awakens old bloody wounds in the Balkan countries. The consequences of the war in Ukraine are also felt in Europe and especially in the Western Balkan region because there were or are operational plans that if Russia succeeds in defeating Ukraine, the war can spill over the gates, into the Western Balkan region which also could be the next point of destabilization on European soil, which would represent a further expansion of Russian influence. The diplomatic priorities of the international community for the region include inclusive democracy, the rule of law, freedom of public opinion, freedom of the media, fight against corruption, mutual recognition of countries, reduction of trade barriers. The easily vulnerable region of the Western Balkans encouraged Western diplomats to increase activities and initiatives, negotiations, agreements.
Will the Western Balkans once again become a new field of serious conflicts, given the existing ethnic tensions? Will the attention of the USA and the EU be completely focused on the reconstruction of Ukraine, and this part of the Old Continent will be left at the mercy and mercy? Political initiatives and numerous actions on a political, security and defense plan signal the generation of additional mistrust towards these countries. Especially since the international community is constantly active and engaged in countless diplomatic talks and negotiations followed by the signing of various agreements, while, on the other hand, the inclusion in the European structures hangs in the clouds, and the inclusion in the largest defense-security organization - NATO is partially resolved. Peace seems to be working, but it is on glass legs.
If we analyze the strategic concepts of NATO from 1991, 1999 and 2010 in terms of security issues, certain risks to allied security are still present in terms of territorial disputes and ethnic conflicts or intolerances that have a potential initial capsule for a conflict of wider aspects. As a fundamental instrument for NATO's intervention, crisis management is one of NATO's basic tasks, for which it uses an appropriate combination of political and military tools for crisis management in an increasingly complex security environment. NATO is an international organization that includes the implementation of a wide range of operations for the prevention and management of crises that can be of a political, military or humanitarian nature, and can be the result of a natural disaster or as a result of technological, chemical, biological, radiological or nuclear (CBRN) disruptions. NATO is transforming from a defense to a security organization including not only the deployment of troops, but a whole range of military and civilian experts engaged through civil-military coordination and cooperation. The new strategic concept of the Alliance was prompted as a result of the interventions in Bosnia and Herzegovina in 1995 and the operation of the allied forces in Kosovo in 1999 with the aim of ending the human suffering and conflicts caused by the conflicts that took place in the areas of the Western Balkans, and which later resulted in the signing of numerous resolutions and agreements. The question of whether and to what extent all those agreements will be respected remains open.
However, the 2010 strategic concept promotes Euro-Atlantic security by strengthening partnerships with the Balkan countries through collective defense, crisis management and cooperative security. At the same time, NATO monitors the region and in possible early signs of crisis, which by using various instruments should stabilize the regions safety, and ensures and guarantees peace.
**Keywords**: security, agreements, preventive diplomacy, UN missions, NATO, conflict,

# ОТВОРЕН БАЛКАН И ЗАГОВОРОТ ЗА ОДРЖЛИВА НЕСИГУРНОСТ

**Маја Мишкоска**
Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Севена Македонија
kristiico@yahoo.com

**Резиме:** Војната во Украина и последиците од војната го наметнуваат стравувањето дека постои ризик земјите од Западен Балкан да станат втор фронт што Русија ќе го отвори во Европа. Распламтениот конфликт е нова „црвена“ линија на поделба која ги буди старите крвави рани во балканските земји. Последиците од војната во Украина се чувствуваат и во Европа и особено во регионот на Западен Балкан

бидејќи постоеја или постојат оперативни планови дека доколку Русија успее да ја порази Украина, војната може да прелее и преку портите, во регионот на Западен Балкан кој исто така би бил следната точка за дестабилизирација на европско тло, што би претставувало понатамошно проширување на руското влијание. Дипломатските приоритети на меѓународната заедница за регионот вклучуваат инклузивна демократија, владеење на правото, слобода на јавно мислење, слобода на медиумите, борба против корупцијата, взаемно признавање на земјите, намалување на трговските бариери. Лесно ранливиот регион на Западен Балкан ги поттикна западните дипломати на зголемени активности и иницијативи, преговори, договори.
Дали Западен Балкан повторно ќе стане ново поле на сериозни конфликти, со оглед на постоечките етнички тензии? Дали внимамието на САД и ЕУ целосно ќе бидат фокусирани на обновата на Украина, а овој дел од Стариот континент ќе биде оставен на милост и немилост? Политичките иницијативи и бројните постапки на политички, безбедносен, одбранбен план сигнализираат генерирање на дополнителна недоверба кон овие земји. Особено што меѓународната заедница е постојано активна и ангажирана во безброј дипломатски разговори и преговори проследени со потпишување на разни договори, додека пак, вклучувањето во европските структури виси во облаци, а пак вклучувањето во најголемата одбранебено-безбедноста организација - НАТО е делумно решено. Мирот се чини функционира, но е на стаклени нозе.
Ако ги анализираме стратешките концепти на НАТО од 1991, 1999 и 2010 година во однос на безбедноснте прашања, одредени ризици за сојузничка безбедност се се уште присутни во поглед на теиторијални спорови и етнички конфликти или нетрпеливости кои претставуваат потенцијална иницијална каписла за конфликт од пошироки димензии. Како фундаментален инструмент за интвенција на НАТО е управувањето со кризи како една од основните задачи на НАТО за која користи соодветно комбинирање на политички и воени алатки за управување со кризи во сè посложена безбедносна средина. НАТО е меѓународни организација која вклучува и спроведување на широк опсег на операции за спречување и управување со кризи кои можат да се од политичка, воена или хуманитарна природа, а може да се резултат на природна катастрофа или како последица на технолошки, хемиски, биолошки, радиолошки или нуклеарни (CBRN) нарушувања.
НАТО се трансформира од одбрамбена во безбедносна организација вклучувајќи во себе не само распоредување на војници, туку цела палета на воени и цивилни експерти ангажирани преку цивино-воената координација и соработка. Новиот стратепки концепт на Алијансата беше поттикнат како резултат на интервенциите во Босна и Херцеговина во 1995 година и операцијата на сојузничките сили на Косово во 1999 година со цел ставање крај на човечките страдања и конфликти предизвикани од конфликтите кои се случија на просторите на Западен Балкан, а кои подоцна резултираа со потпишување на бројни резолуции и договори. Прашањето дали и колку до крај ќе бидат испочитувани сите тие договори останува отворено.
Сепак, стратешкиот концепт од 2010 година ја промовира евроатлантската безбедност преку зајакнување на партнерствата и со балканските земји преку колективната одбрана, кризниот менаџмент и кооперативната безбедност. Истовремено, НАТО го надгледува регионот и во можни рани знаци на криза кој употребувајќи различни инструменти треба безбедносно да го стабилизираа регионот, обезбедува и гарантира мирот.
**Клучни зборови:** безбедност, договори, превентивна дипломатија, мисии на ОН, НАТО, конфликт

## 1. ВОВЕД

И покрај бројните договори, стабилноста на замјите од Отворен Балкан е постојано ранлива. Се е решено и ништо не е до крај решено. Отворен Балкан се чини е зона на постојана нестаблност, кршливост, што не беше карактеристична состојба додека земјите од бившата Југославија беа дел од федеративната држава. По смртта на државникот Тито на 4 мај 1980 година, етничките тензии се распламтија и се зголемија конфликтите на интереси што се одрази не само со политичка туку и со економска криза. Проектот Југославија почна да се распаѓа како кула карти. Овој процес на дезинтеграција се одвиваше паралелно со процесите и во останатите источно-европски земји. Берлинскиот ѕид се урна вечерта на 9 ноември 1989 година и го означи процесот на започнување на либерални реформи во целиот источно европски блок. И додека Источна и Западна Германија започнаа процес на фузионирање и обединување, југословенските држави т.е. републики, покрај тоа што се истоштуваа (заморија) со политичките промени кои ја зафатија, се соочија и со колабирање на економијата. Едноставно, напорите за било каква конфедеративна форма на државата пропаднаа. Конститутивните републики на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се распаднаа, а бројните неодговорени и горливи прашања предизвикаа серија меѓуетнички југословенски војни. Се потпишуваа мировни договори и друг вид договори, се спроведуваа референдуми.
Но, која е поентата на договорите? Дали не требале сите овие договори или пак требале, или пак биле неопходни договори, но во друг формат. Која и каква е поентата на договорите кои покрај бројните „отстапуања“ зависно за која засегната страна станува збор, гарантираат и вклучување на регионот во

европското семејство. Договорите се неопходни за да има смирување, а не војна. Покрај договорите, и референдумите станаа дел од новата слика на Западен Балкан.

**2. ХИПОТЕЗА**

Доколку договорите беа до крај целосно обмислени или пак испочитувани во прилог на заштитување на мирот и севкупна меѓународна безбедносност со активирање и на најефикасните алатки на располагање на ОН и целокупната меѓународна заедница цел Балкански регион до сега, од падот на Берлинскиот ѕид, ќе беше дел од Европската Унија. И германциот канцелар Олаф Шолц на 9 мај, 2023 година изјави во говорот во Европскиот парламет дека ЕУ мораа да го исполни ветувањето за прием на земјите од Западен Балкан за кое се зборува 20 години. Во таа насока тој ја нагласи важноста од нормализација на односите меѓу Србија и Косово и внатрешните реформи во сите земји. Посочувајќи дека неопходен предуслов се и почитувањето на принципите на човековите права и меѓународното право, слободата и демократските принципи, како и правото на самоопределување.

Дали навистина референдумите и последователно договорите потпишани во периодот од дисолуцијата на бивша Југославија кои се однесуваат на Западен Балкан - Дејнотски договор, Кумановски, Преспански, Охридски... се навистина договори кои поттикнуваат мир, стабилност, безбедност, економски просперитет? Или, се договори кои проблемот само го одлагаат и кој тлее, па и така кревкиот мир, може да избувне со уште поголеми последици? Колку мировните договори се реални и ја решаваат ситуацијата? Или пак се само одлагање на процесот со цел Балканот да се држи поблиску до влијанието и контролата на САД и Велика Британија.

**3. ДИСОЛУЦИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА**

Најзаштитена остана Словенија која прва заедно со Хрватска, во 1991 година станаа меѓународно признати. Но, Хрватска и покрај тоа што постигна меѓународното признавање на 15 јануари 1992 година, беше длабоко погодена со војна со која речиси една третина од земјата беше под окупација од страна на Југословенската народна армија Процесот на изградбата на нови демократски држави се одвиваше болно, со голем број жртви, но и со постојан ангажман на бројни меѓународни организации, вклучително и миротворни мисии. Регионот стана казан на немири, наместо оаза на мирот. Невработеноста се зголеми, инфлацијата кулминира, нестабилноста се рефлектира преку етичките конфликти што беше повод за појава на етнички национализам. Војните првенствено ја зафатија Босна и Херцеговина, соседните делови на Хрватска и неколку години подоцна и Косово, што кулминираше со спроведување на воздушна кампања за бомбардирање на Сојузна Република Југославија од страна на НАТО алијансата и тоа за време на војната во Косово. Воздушните напади траеа од 24 март 1999 година до 10 јуни 1999 година. Инаку, во Косово, уште во 1981 година, албанското мнозинство бараше статус на република изразувајќи незадоволство преку бројните протести. А, меѓународната дипломатија уште од 1980-те активно се вклучи интензивирајќи ги напорите за разрешувањето на бројните проблеми со кои се соочуваше овој дел од Балканскиот регион за што беа потпишани повеќе договори и се спореведоа и референдуми.

**4. МИСИИ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ НА БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН**

Политичките кризи во 1980-тите, предизвикаа конститутивните републики на Социјалистичка Федеративна Република Југославија да се распаднат. Југославија остави отворени многу нерешени национални, етнички и гранични прашања кои беа предуслов за поттикнување на жестоки меѓуетнички југословенски војни, немири, судири и конфликти.

Сојузот на комунистите на Југославија се распушти во јануари 1990 година по федерални линии, по што следеше период на транзиција на републиките во посебни држави како демократски целини, воведување на пазарна економија. Оттогаш регионот е под постојани турбулентни настани од безбедносен, до политичко-економски карактер што се рефлектира преку постојаното нарушување на стабилноста на регионот, аномалии во владеењето на правото, нецелосно применување на инклузивната демократија, високата корупција, повремени нарушени меѓуетнички односи и останато. На почетокот, недоразбирањата кулмиираа со војни кои ги зафатија Босна и Херцеговина, соседните делови на Хрватска, и неколку години подоцна, Косово, Србија и дестабилизација на Република Македонија. За таа цел меѓународната заедница со посредство на ОН, ОБСЕ, Партнерство за мир активно се вклучија во решавањето на споровите.

Бројни се примерите од мисиите на Обединетите нации во регионот. Мисијата UNPREDEP се вбројува како прва превентивна дипломатија и операција на распоредување на ОН за стабилизирање на безбедносната на земјата домаќин во случајов БЈР Македонија), UNPROFOR (како сили за заштита на Обединетите нации активни во Босна и Херцеговина, Хрватска, Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора) и

поранешна југословенска Република Македонија. Загреб со времетраење од февруари 1992 - март 1995 година, UNBIMH (Босна), UNMIK (Косово), и на НАТО мисијата на KFOR во Косово, за да им помогне на земјите да се движат по тешкиот пат од конфликт до мир или одржување на мир и политико-економско зацврстување, Република Македонија, сега Република Северна Македонија направи повеќе отстапки, го смени знамето, името, воведе двојазичност и што друго не! Или пак, и на Соединетите Држави им одговара Отворен Балкан да го држат под своја директна контрола.
За Русија процесите на проширување на Западен Балкан кон НАТО и ЕУ се потенцијална закана бидејќи тоа би го оттрганло регионот подалеку и токму затоа регионот кој треба да претставува „Мини Европа" се држи замрзнат со постојани тензии, потхранети немири, со голема мрежа на дезинформираност вперена кон населението со цел дезориентираност и хаос за постигнување на сопствени економско-политички-воени цели и влијаниа. Напорите се насочени кон поткопување на мировните договори постигнати од 1990-те со кои се разграничија границите: Дејтонскиот мировен договор за БиХ и независноста на Косово, потоа Охридскиот договор и грчко-македонскиот договор за името со Преспанскиот договор, хибридните војни против прозападни влади од Црна Гора (со неуспешен пуч), до Косово и Македонија, се поддјуваат српските сепаратисти во Република Српска во Босна кадае доминира српското население и особено како најголем сојузник на Русија од сите ново формирани држави од бившата југословенска држава остана Србија.

## 5. ДЕЈТНОСКИ ДОГОВОР

Општиот мировен рамковен договор за мир во Босна и Херцеговина, познат како Дејтонски договор е постигнат во воздухопловната база Рајт-Патерсон во близина на Дејтон, Охајо, САД, на 21 ноември 1995 година. Договорот стави крај на три и пол годишната босанска војна. Како дел од договорот, НАТО се согласи да обезбеди 60.000 војници за распоредување во регионот како дел од Силите за имплементација (ИФОР), американска ознака Операција Заеднички потфат (Operation Deliberate Force). Овие сили останаа распоредени до декември 1996 година, додека оние што останаа во регионот беа префрлени во Силите за стабилизација – Stabilization Force (СФОР). Мировниците на СФОР останаа во Босна до 2004 година.
Според проценките околу 100.000 се убиени за време на војната во Босна. Над 2,2 милиони луѓе се раселени, што за тоа време претставуваше најразорниот конфликт во Европа од крајот на Втората светска војна
Северноатлантската алијанса се вклучи во Босанската војна во февруари 1992 и генерално во Југословенските војни при што беа повикани сите завојувани страни во конфликтот да дозволат распоредување на мировници на Обединетите нации. Првичната улога на мисијата на НАТО беше мониторинг, но со донесувањето на резулоцијата 816 на Советот за безбедност на ОН, државите беа овластени да користат мерки „за да обезбедат усогласеност" со зоната за забранети летови над Босна.
Во декември 2006 година, Босна и Херцеговина стана земја партнер на НАТО фокусирајќи се на воведување демократски, институционални и одбранбени реформи. Сега БиХ е поделена на два ентитета со свои посебни устави: Федерација Босна и Херцеговина и Република Српска. И двете се политички автономни до одреден степен, додека округот Брчко е заеднички администриран од двата ентитета.

## 6. КУМАНОВСКИО ВОЕНО-ТЕХНИЧКИ ДОГОВОР

Кумановскиот договор е склучен на 10 јуни, 1999 година меѓу КФОР како меѓународно безбедносна сила и владите на СР Југославија и на Р. Србија на воениот аеродром близу Куманово. Договорот го означи крајот на НАТО бомбардирањето на СР Југославија и со него беше ставен крај на воздушните удари на НАТО на СРЈугославија. Веднаш следеше донесувањето на воената резолуцијата 1244 во Советот на безбедност. Договорот предвидуваше позиционирање меѓународни вооружени сили во Косово (КФОР) и повлекување на југословенските вооружени сили од Косово до 20 јуни 1999 година, воздушна безбедносна зона од 25 км од косовската граница и земјишна зона од 5 км. Со договорот беа направени услови за повлекување на српската полиција од Косово, а во исто време силите на КФОР почнаа да влегуваат во Косово.

## 7. ОХРИДСКИ ДОГОВОР

Охридскиот рамковен договор беше потпишан на 13 август 2001 година помеѓу претставници на најголемите политички партии и специјални претставници на Соединетите Држави и Европска Унија и со него се стави крај на вооружениот конфликт од 2001 година помеѓу Ослободителната национална армија (ОНА) и безбедносните сили на Македонија. Тој ги воспостави основните принципи на државата како што се прекин на непријателствата, доброволно разоружување на вооружените групи на етничките Албанци. Со него беше предвидено внатрешно уредување на малцинските политички и културни права. Договорот, исто

така, вклучуваше одредби за измена на официјалните јазици на земјата, при што секој јазик што го зборуваат повеќе од 20% од населението ќе стане кофицијален со македонскиот јазик на општинско ниво.
Според договорот албанскиот јазик стана официјален, тој го вклучи и развојот на локалните самоуправи, недискриминацијата, правичната застапеност, спроведувањето на посебните собраниски процедури за прашања како што се јазикот, културата, образованието, симболите и идентитетот. Со него беше одлучено јазикот што го зборуваат повеќе од 20 проценти на етничките заедници да биде официјален јазик во кој било град од државата, покрај македонскиот. Главени меѓународни преговарачи во име на Европската унија, беше Франсоа Леотар, додека пак САД ги претставуваше Џејмс Перд|у.

**8. РЕФЕРЕНДУМ ЗА ПРОМЕНА НА ИМЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Во Македонија беше спроведен референдум за независност во 1991 во Република Македонија со кој потоа на 8 септември истата година се прогласи независноста на Р. Македонија од Југославија. Меѓутоа, по македонската независност од Југославија, грчките власти се спротиставија на употребата на теминот „Македонија“ од страна на новата држава која пак беше примена во ООН во 1993 година под привремена референца Поранешна Југословенска Република Македонија. На 30 јули 2018 година Собранието на РМ донесе одлука за спроведување на референдум на промена на името што беше услов за вклучување на државата во евроатлантската организација и започнување на процесите за европска интеграција. Меѓународната булдожер дипломатија се активира, и земјата стана центар на меѓународни посети со цел поддршка на референдумот „За“ (промена на името). Меѓу високите функционери кои ја посетија земјата беа германската канцеларка Ангела Меркел, австрискиот канцелар Себастијан Курц, генералниот секретар на НАТО Јанс Столтенберг, американскиот секретар за одбрана Џим Матис и други. Промената на името во 2018 година со потпишувањето на Преспанскиот договор го реши проблемот со Грција и резултираше со прием на државата во НАТО. Овој договор значеше стабилизиање на државата и превенција од било какви понатамошна воена ескалација. Инаку, спорот со Грција траеше цели 25 години и беше извор на нестабилност во регионот.

**9. ПРЕСПАНСКИ ДОГОВОР**

Од стекнувањето независност на поранешната Социјалистичка Република Македонија 1991 година до 2019 година, употребата на името на државата „Македонија“ беше спорна меѓу Грција и Република Македонија (сега Северна Македонија). Преговорите околу спорот кој се реши со посредство на медијатори на ОН, резултираа со потпишување на договорот од Преспа на 17 јуни 2018 година. Потоа следеше ратификација од македонскиот и грчкиот парламент кон крајот на 2018. Државата официјално се преименува од Македонија во Северна Македонија во февруари 2019 година.
Договорот значи подигање на блокадата кон патот за пристап во евроатлантските структури, што се случи со приемот на Северна Македонија во НАТО на 27 март, 2020 година и проектираше евентуален влез во Европската Унија било да е тоа се случи поединечно - како држава или како целина, колективно, преку иницијативата наречена Отворен Балкан. Сепак, договорот претставува темел за зајакнување на мирот, стабилноста и безбедноста во регионот.
Со цел да се одржи безбедноста во Европа, не е само Алијансата таа што треба да се ангажира Западен Балкан, туку и Западен Балкан треба да е лојален партнер на Алијансата, на нејзините вредности и принципи, на нејзиниот развоен модел. Овој дел наречен и Мини Европа треба да продолжи по патот за кој се определи во 1990-тите - демократизација и економски развој и градење мостови меѓу соседните држави.

**10. ДОГОВОР ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО, ДОБРОСОСЕДТВО И СОРАБОТКА**

Како чин на силна порака до ЕУ и НАТО дека земјите од Балканот градат мост на соработка со цел просперитетна и перспективна иднина, во 2017 година беше потпишан Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Македонија и Бугарија на македонски јазик, а во согласност со Уставот на Република Бугарија, и на бугарски јазик,. Договорот составен од 14 члена со кои се уредуваат економските и билатералните односи на двете земји, врз база на меѓународното право и добрососедство и предвидува развој и соработка со државите од Југоисточна Европа, зајакнување на мирот и стабилноста на регионот и реализацијата на регионални проекти како дел од создавање единствена Европа. Со член 1 и член 2 се планира развивање на сестрана соработка меѓу двете земји, како и соработка во рамки на Обединетите нации, ОБСЕ, Советот на Европа и во други меѓународни организации, но и во областа на европската и евроатлантската интеграција на Македонија. Властите на двете земји се обврзуваат да создаваат неопходни правни, економски, финансиски и трговски услови за обезбедување на најшироко можно движење на стоки, услуги и капитал, како и да ја зголемат туристичката соработка, да ги подобрат транспортните врски и

комуникациите меѓу нив, вклучително во рамките на регионалните инфраструктурни проекти, олеснување на царинските и граничните формалности.

**11. ПРЕГОВОРИ ЗА ДОГОВОР ВО ОХРИД МЕЃУ СРБИЈА И КОСОВО**

Западен Балкан има заедничка перспектива во членство во ЕУ и за таа цел преферира колективен пристап во решавањето на одредени процеси. Охрид на 18 март 2023 беше домаќин на трилатерална средба на српскиот претседател Александар Вучиќ, косовскиот премиер Албин Курти и еврокомесарот за надворешна и безбедносна политика Жозеп Борел. САД и ЕУ очекуваа потпишување договор со цел отпочнување на спроведување на договорот за норамлизација на односите меќу Србија и Косово.

САД преку случувањата на северот на Косово со можност од ескалација се стреми да ја ослабне позицијата на Белград, што се гледа во постојата координација на мисијата на КФОР на Косово и на европската мисија ЕУЛЕКС (како секундарен фактор за безбедност) која им помага на косовските власти  и косовската полиција во обезбедувањето на редот и мирот на Косово уште од масовните оставки на Србите од косовските институции.

Западните интервенции во Југославија предводени од Алијансата во 1999 година, кога Косово веќе беше отцепена покраина од  Србија, беше прв моќен сигнал на Вашингтон за намалувањето на влијанието на Кремаљ. За рускиот лидер Владимир Путин тоа значеше повлекување на своите мировни сили од Косово во 2003 година и блокирање на признавањето на ОН за прогласување независност на Косово во 2008 година.

**12. ДОГОВОРИ ВО РАМКИ НА ОТВОРЕН БАЛКАН**

Како поседица на војната во Украина се наметна и потребата од договор меѓу Косово и Србија чии лидери после тешки преговори се согласија за спроведување на договорот со ЕУ за нормализација на односите. Србија и Косово уживаат во мир на „стаклени нозе“ од крајот на војната во Косово во 1999 година. Косово беше поддржано од НАТО, и резултираше со де факто независност во 2008 година, но независноста не само што не е призната од страна на Србија, туку меѓународното признавање на Косово и по неговото прогласување независност од Србија, донесено на 17 февруари 2008 година, е конфузно и меѓународните влади се поделени по ова прашање. Со оглед на блиските односи што Србија ги има со Москва, реалност е дека државите кои имаат посилни врски со САД имаат поголема веројатност да го признаат Косово, додека државите со посилни врски со Русија имаат помала веројатност да го признаат Косово.

Албанија, Северна Македонија и Србија како дел од процесот „Отворениот Балкан“ пред речиси една година, во Охрид потпишаа четири договори за соработка, за борба против даночно затајување, признавање на дипломи за високо образование, културна соработка и соработка во областа на туризмот. Предходно, трите земји потпишаа уште неколку договори со кои посетепено ги олеснуваат и трговските бариери. Ако се има во предвид дека процесот Отворен Балкан е процес кој не е завршен  и е во тек, потпишувањето на бројни договоии кои од нигде никаде го шамарат регионот стана редовна реална појава.

**13. БРЕГЗИТ, САД И ПРОЕКТОТ ОТВОРЕН БАЛКАН**

Најсимболично е што водач  во процесот на дезинтеграција на Европската унија беше излегувањето на Британија од најкомпактната организацијата на стариот континент. Тоа го наметнува прашањето зошто Отворен Балкан толку ревносно се бори да влезе во европското семејство, кога една од најмоќните земји членки на тоа семејство со процесот наречен Britain Exit (Brexit) или „британскиот излез“ претставуваше процес на повлекување на Обединетото Кралство (Велика Британија) од Европската унија од 1 февруари, 2020 година Велика Британија стана единствената суверена земја што ја напушти ЕУ. Процесот официјално започна уште во 2016 година со спроведување на Референдумот за членство на Обединетото Кралство во Европската унија во 2016 година, вообичаено наречен референдум за ЕУ или референдум за Брегзит кој се одржа на 23 јуни 2016 година во Обединетото Кралство (ОК) и Гибралтар со цел електоратот да се изјасни дали земјата треба да остане членка или да ја напушти ЕУ.

**Одржлива несигурност**

Проблемот или решението ќе го покажат понатамошните случувања не само на балканските простори, туку и пошироко, евентуално, можните раздвижувања и во ЕУ особено што до 1990-те Европа беше поделена на два блока – источен и западен. Америка заговара така наречена „sustainable uncertainty“ - одржлива неизвесност или нестабилност! А, зошто е тоа таква појава. По сите логичности, САД и Британија сакаат да бидат први во решавањето на проблемите на Отворен Балкан. Тие формално сакаат интеграција на регионот во Европа, но сакаат регионот да биде под нивна контрола. Западен Балкан како проект е всушнот американски проект кој е под американска политичка контрола, но во Европа. А дали Европа е подготвена

за тоа? Очигледно ЕУ не сака брзо вклучување на Отворен Балкан во европсите структури и очигледно, особено Германија и Франција, сакаат да имаат целосна контрола на државите кои се веќе членки на ЕУ.
Дали постои унитарност во земјите на Отворен Балкан? Каде е проблемот со бројните референдуми и договори? Значи, Дејтноскиот договор не го реши проблемот на Босна бидејќи не обезбеди унитарност, а без унитарност, не може да има функционална држава.На Косово истото се случува преку најавата дека ќе се бара автономија на српските општини што поттикнува на размислување дека и таму покрај бројните меѓународни ангажмани кои се во тек, нема целосна има интер-унитарност.
Од друга страна пак, генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг на прес конференција во 2022 година во врска со војната на Украина нагласи дека ја призна Босна и Херцеговина како можна граница за руските активности по руската инвазија на Украина. Овие активности најдобро се илустрирани со заканата од рускиот амбасадор во Сараево за украинско сценарио доколку БиХ побара членство во НАТО. Ова го наметнува прашањето дека процесите во Западен Балкан се незавршени за НАТО и ЕУ како стратешки цели, додека пак од друга Русија и Кина, имаат воспоставено интереси во регионот кои се натпреваруваат со ангажманот на НАТО.Овие фактори ја доведуваат во прашање стабилноста и безбедноста на регионот и го поттикнуваат стравот од ризикот од повторно можно враќање на конфликти во регионот.

## 14. ЗАКЛУЧОК

Руската војна ги поттикна западните дипломати да го зголемат дипломатското внимание и влијание врз Западен Балкан и да ја забрзаат работата околу унапредување на демократските реформи и аспирациите на државите за интеграција во европските и евроатлантските институции. Американските власти повикуваат на зголемено дипломатско внимание кон Западен Балкан, регион кој се смета за ранлив на злонамерни кампањи за руско влијание во сенка на војната во Украина. Многу скептичност и сомнежи се испреплетуваат во однос на релниот капацитет на Западен Балкан да се приклучи на ЕУ. Дали Западен Балкан некогаш ќе биде целосно подготвен за проширување е нешто што ги загрижува и домашните политичари и меѓународните дипломати. Неизвесноста станува се поголема и покомплексна како што расте условеноста на Европа наметнувајќиги ги своите вредности и норми.

## ЛИТЕРАТУРА

Armakolas, I., Damjanovski, I., & Siakas, G.(2021). *The Prospects of the Prespa Agreement,* Skopje and Athens. https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/The-Prospects-of-the-Prespa-Agreement-Public-perceptions-in-North-Macedonia-and-Greece-FINAL.pdf
Chalakov, N. (2023). Vice President: Bulgaria Should Play Leading Role Among Countries of Western Balkans and in their Relations with EU, Bulgarian News Agency.
Jahic, D.(2023). Russia's War on Ukraine Endangers Stability in Western Balkans, US Officials Say, Voice of America VOA. https://www.voanews.com/a/russia-s-war-on-ukraine-endangers-stability-in-the-western-balkans/6981840.html
Чанчар, Ф.И. (2022). Rethinking NATO engagement in the Western Balkans, NDC (NATO Defense College) Policy Brief, бр 11. (file:///C:/Users/Ana.C/Downloads/PB11_22.pdf)
NATO Press Release. (2022). "Press conference by NATO Secretary General Jens Stoltenberg previewing the extraordinary Summit of NATO Heads of State and Government",
Радио Слободна Европа. (2023). Шолц: ЕУ да го одржи ветувањето за Западен Балкан https://www.slobodnaevropa.mk/a/32403062.html
Договор за пријателство, добрососедство и сотаботка меѓу Република Македонија и Република Бугарија, (2017). Влада на Република Македонија, https://vlada.mk/sites/default/files/dogovori/Dogovor_Za_Prijatelstvo_Dobrososedstvo_Sorabotka_Megju_Republika_Makedonija_I_Republika_Bugarija.pdf, 2023
Влада на Република Северна Македонија, Договор за пријателство, добрососедство и соработка, https://vlada.mk/sites/default/files/dogovori/Dogovor_Za_Prijatelstvo_Dobrososedstvo_Sorabotka_Megju_Republika_Makedonija_I_Republika_Bugarija.pdf, 2023
Prespa Agreement, (2021). Britannica, https://www.britannica.com/event/Prespa-Agreement
Рамковен договор, (2013). Правдико.мк, , https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/ramkoven_dogovor-3.pdf